# 2017

# ИЗВЕШТАЈ

**ЗА РАБОТАТА НА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ „ПАВЕЛ ШАТЕВ“ ЗА 2017 ГОДИНА**



**Содржина**

I ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ ..... 3

II ЗАКОНОДАВНА РАМКА ..... 5

III АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА АКАДЕМИЈАТА ..... 5

1. РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АКАДЕМИЈАТА ..... 5
2. РАБОТА НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ НА АКАДЕМИЈАТА ..... 6
3. РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА ДИРЕКТОРОТ НА АКАДЕМИЈАТА ..... 6

IV ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА, РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА ..... 8

1. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА ..... 8
2. СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ И ОБУКИ ..... 8
3.УЧЕСТВО ВО СЛУЖБАТА ВО РАЗНИ РАБОТИ ТЕЛА И ГРУПИ ..... 9

V ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ..... 9

VI ПОЧЕТНА ОБУКА ..... 10

VII КОНТИНУИРАНА ОБУКА ..... 12

VIII СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ ОРГАНИ, ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ И СТРАНСКИ ПАРТНЕРИ

И ПРОЕКТИ ..... 22

IX МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ..... 33

X КОМПЈУТЕРСКИ СИСТЕМ ..... 34

XI БИБЛИОТЕКА ..... 35

XII БУЏЕТ И ЈАВНИ НАБАВКИ ..... 36

XIII СТАТИСТИКИ ..... 38

XIV ЕВАЛУАЦИЈА ..... 39

XV ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО ..... 41

# I ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", во 2017-тата година, низ успешната реализација на сите предвидени активности, ја потврди својата максимална посветеност кон унапредување на ефикасноста и ефективноста на правосудниот систем, по пат на професионалното стручно усовршување на судиите, јавните обвинители, на судската и јавнообвинителската служба.

Академијата, и во 2017-тата година, работеше на унапредување на квалитетот на обуките, со избор на нови содржини, методи и теми, согласно со меѓународните стандарди и програми за обука, на јакнење на сопствените капацитети, ја прошири и ја зајакна домашната и меѓународната соработка, а воедно, доследно ги спроведуваше препораките на Европската комисија, содржани во извештаите за следење на прогресот на Република Македонија, на ГРЕКО од Четвртиот круг на оценка и од други меѓународни извештаи, со што континуирано дава свој придонес во јакнење на стручноста, професионалноста и независноста на правосудството како еден од приоритетите на правосудните реформи во Република Македонија, а клучен приоритет од Партнерството за пристапување кон Европската Унија.

Подобрувањето на компетентноста на правосудството по пат на реформи на системот за управување со перформансите и зајакнување на системите за почетна и континуирана обука, беше приоритет на Академијата. Во таа рамка, Академијата ги спроведе сите активности по НПАА, за која цел, во соработка со партнерите, реализираше обуки, семинари, тркалезни маса, обуки за обучувачи и други едукативни настани на базично и напредно ниво, за зајакнување на наставниот кадар, со посебен акцент на етичките принципи, етичкото однесување, на судиите и јавните обвинители, со цел за зајакнување на интегритетот и зголемување на довербата кај јавноста.

Со цел да се оцени ефикасноста на обуките и нивниот ефект врз подобрување на квалитетот на редовната судска и обвинителска практика, согласно препораките на ангажираниот експерт во рамките на ИПА 2010 проектот, за развој на „Методологија за оцена на ефикасноста на обуките со механизми за квалитативна оценка на обуките", подготвен е пилот проект што ќе се реализира во првата половина на 2018 година во партнерството со клучните домашни правосудни институции.

Во рамките на почетната обука, во март 2017 година започна теоретската настава за 37 слушатели на новата шеста генерација слушатели во Академијата, која заврши во декември 2017 година. По завршувањето на првата фаза - теоретската настава во Академијата, слушателите на почетна обука ќе полагаат тест за проверка на знаењето по што, зависно од постигнатиот успех ќе преминат во втора фаза – практична настава во судовите и јавните обвинителства и други институции, согласно програмата за почетна обука, во траење од 15 месеци.

Паралелно со одвивање на теоретската настава во почетната обука, Програмскиот совет активно работеше на верификација на базите на прашања и базите на студии на случаи изготвени од страна на предавачите, заради подготовка на тестот за проверка на знаењето, кои слушателите на почетна обука го полагаат по завршувањето на теоретската настава.

Реализацијата на „Програмата за работа за 2017 година“ беше целосна, а се исполнија и сите законските обврски во поглед на континуираната обука на судиите, обвинителите и другите целни групи, преку реализација на годишните планови за обука, за 2017-та година. Во целост беа реализирани и сите проектни активности кои произлегоа од меѓународната соработка на Академијата со нејзините странски партнери.

Во насока на промовирање на правосудниот систем на Република Македонија и на неговите вредности, Академијата продолжи со јакнење на партнерството со институциите за обука на земјите од регионот и од Европа, во делот на имплементацијата на тренинг-модулите кои претставуваат приоритети за обука, преку активното учество и вмрежување во Регионалниот совет за соработка (РЦЦ), учество во активностите на меѓународните тела и организации на Европската Унија, Советот на Европа и пошироко, и тоа Европската мрежа за правосудна обука (ЕЈТН), Комитетот ГРЕКО при Советот на Европа, Советодавниот совет на европските судии (ССЕС), Европската комисија за ефикасноста на правдата (СЕПЕЖ), Меѓународната мрежа за судска обука (ИЈОТ) и многу други, притоа обезбедувајќи компаративни информации и превод на документите кои имаа значаен придонес во јакнењето на квалитетот и ефикасноста на правосудството.

Во рамките на проектот „Заедничка акција за итни реформи во судството“, беше донесен првиот мониторинг извештај со наслов „Реформи во судството – од Прибе 1 до Прибе 2“. Овој мониторинг извештај беше базиран на итните реформски приоритети од јуни 2015 година, во делот на владеењето на правото и судството – сектор правосудство (кои за основа го имаат Извештајот на експертската група, предводена од Рајхард Прибе, од 2015 година), и на Вториот извештај на Прибе, од септември 2017 година.

Во овој мониторинг извештај беше опфатена и Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев, а од истиот произлегоа и заклучоци и препораки за унапредување на правосудството воопшто.

Исто така, во месец јуни 2017 година во рамките на соработката на Академијата со Амбасадата на Франција во Република Македонија се одржа експертска мисија со цел подобрување на институционалните капацитети на Академијата преку подобрување на тренинг методологијата и капацитетите на предавачите и менторите, спроведување објективна евалуација на почетната и континуираната обука, зголемување на квалитетот на тренинг материјалите и подобрување на капацитетот на библиотеката на Академијата.

По оваа мисија беше изготвен и мониторниг извештај, кој беше презентиран пред министерот за Правда од страна на Амбасадорот на Франција во Република Македонија, Н.Е. Кристиан Тимоние.

## II ЗАКОНОДАВНА РАМКА

Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РМ“, бр. 20/2015), со измените и дополнувањата („Службен весник на РМ“, бр. 192/2015 и 231/2015), во поглед на статусот, го унапредува претходниот законски концепт во однос на независноста и самостојноста на Академијата, како и на стручноста и компетентноста на нејзините органи и тела и на постојаното зајакнување на капацитетите, особено на наставниот кадар. Воедно, сите подзаконски акти, во рамките на надлежностите на Управниот одбор, се усогласени со Законот за Академијата и поблиску ги уредуваат внатрешната организација и начинот на извршување на сите сегменти од дејноста на Академијата.

## III АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА АКАДЕМИЈАТА

### 1. РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АКАДЕМИЈАТА

Управниот одбор на Академијата, во текот на 2017-тата година, одржа 13 седници, на кои се разгледуваа важни прашања од делокругот на надлежностите на Управниот одбор. На предлог на Програмскиот совет, Управниот одбор утврди „Специјализирана Програма за обука на судии поротници“, „Дополнување на Програмата за приемниот испит во Академијата“, и „Измена на програмата за почетна обука“. Во однос на подзаконските акти, Управниот одбор донесе „Правилник за спроведување на испитот за судиите поротници“, „Правилник за надоместоци“, „Правилник за почетна обука“ „Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за почетна обука“, „Правилник за изменување на Правилникот за континуирана обука“, „Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за полагање приемен испит“, „Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Академијата“, и „Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Академијата“.

Управниот одбор на Академијата ги усвои „Извештајот на Комисијата за приемен испит за текот и постапката на спроведување на приемниот испит во 2016 година за прием на слушатели на почетна обука за шестата генерација во Академијата“„Извештајот за работата на Академијата за 2016 година“, „Завршната сметка за 2016 г.“, „Програмата за работа во 2017 година“, „Извештајот на Комисијата за ревизија на одржаните испити, за спроведената ревизија на приемниот испит за прием на слушатели на почетна обука за шесттата генерација во Академијата“, ги донесе „Планот за јавни набавки за 2017 година“ и „Финансискиот план“, а врз основа на позитивното мислење на Програмскиот совет, повеќе пати утврди дополнување на Листата на предавачи на Академијата.

Управниот одбор беше редовно информиран од страна на директорот за сите тековни активности во рамките на дејноста на Академијата, донесуваше заклучоци и одлуки во доменот на својата надлежност, меѓу кои одлуката за формирање на Комисија за ревизија на одржаните испити и одлуката за поништување на јавниот оглас на Академијата

за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ за прием на 60 слушатели на почетна обука-кандидати за јавни обвинители, кој беше објавен во согласност со Законот за изменување и дополнување на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Сл.весник на РМ“ бр. 231/2016).

Исто така, Управниот одбор ја следеше имплементацијата на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“ број 20/2015, 192/2015 и 231/2015) и на предлог на директорот утврди текст на Забелешки од органите на Академијата во однос на имплементацијата на Законот што беше доставен до Министерот за правда на Република Македонија.

Покрај тоа, Управниот одбор разгледуваше понуди за проекти и даваше насоки за соработка со сродни институции, организации и здруженија, од земјата и од странство.

## 2. РАБОТА НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ НА АКАДЕМИЈАТА

Програмскиот совет како стручен орган на Академијата ги следи реализирањето на програмите за обука, нивната ефикасност и успешност, дава мислење за листата на предавачи и континуирано работи на надградба и на унапредување на програмите за обука, на наставните методологии и техниките, во соработка со предавачите, менторите, директорот и стручната служба на Академијата, во согласност со Законот за Академијата за судии и јавни обвинители.

Во текот на 2017 година, постапувајќи во рамките на своите надлежности, предвидени со Законот за Академијата и со Статутот, Програмскиот совет одржа седници со кои претседаваше директорот на Академијата и на кои даде насоки и ги утврди: „Предлогот на Специјализирана Програма за обука на судии поротници“, „Предлог за Дополнување на Програмата за приемниот испит во Академијата“, и „Предлогот на Измена на програмата за почетна обука“ и даде позитивно мислење за дополнувања на листата на предавачи кои ги исполнуваат условите, во согласност со Законот за Академијата.

Во рамките на новата надлежност, предвидена со Законот за Академијата, Програмскиот совет работеше на верификација на базите на прашања и базите на студии на случаи за спроведување на тестот за проверка на знаењето на слушателите на почетна обука по завршувањето на теоретската настава во Академијата, претходно изготвени од страна на предавачите на Академијата.

## 3. РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА ДИРЕКТОРОТ НА АКАДЕМИЈАТА

Програмата за работа на директорот, усвоена од Управниот одбор на Академијата, беше во целост спроведена, во соработка со стручната служба. Како дел од редовните работни активности, во рамките на низата советувања, тркалезни маси, обуки и конференции кои беа организирани во периодот од јануари до декември 2017 година, во соработка со домашни и странски/меѓународни релевантни институции и проекти, на кои учествуваа и излагаа национални и странски експерти, директорот имаше вкупно 28 поздравни и тематски обраќања.

Директорот оствари работни состаноци со претставници на домашни и меѓународни институции, амбасади и проекти, евалватори на проекти, со цел договарање и успешна реализација на проектите, размена на искуства, на предавачи, организирање на студиски посети и издавање публикации, односно со цел продлабочување на домашната и меѓународната соработка со правосудствата на голем број држави.

Директорот активно учествуваше во сите работни активности во врска со реализацијата на “Планот на активности на Владата на Република Македонија” подготвен врз основа на Листата на итни реформски приоритети за Република Македонија (во согласност со “Извештајот на Рајнхард Прибе”). Согласно тој план, во однос на Академијата беше предвидена реализација на неколку активности кои се однесуваат на организирање на обуки наменети за судиите и јавните обвинители, посветени на судската етика и интегритетот, обуки за обучувачи, како и развој на методологија за оценка на обуките со ангажман на странски правен експерт, вклучително и размена на искуства и компаративна практика, преку организирање на студиски посети на Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

Како резултат на заложбите на Академијата за воспоставување соработка со релевантни домашни и меѓународни институции и организации од невладиниот сектор на полето на континуираната и почетната обука, но и на македонското правосудство во насока на зголемување на професионалноста и компетентноста на судиите и обвинителите во примена на националното законодаство и меѓународните стандарди, потпишани се Меморандуми на соработка меѓу Директорот на Академијата за судии и јавни обвинители и Македонското здружение на млади правници како и со претставници на Институтот во Сирагуза-Италија.

Триесет и седум слушатели од шестата генерација на на Академијата за судии и јавни обвинители “Павел Шатев” ја почнаа 24-месечната почетна обука на која стручно и професионално ке се усовршуваат за судската и јавно-обвинителската професија. Директорот на Академијата им посака успех на слушателите и им порача да бидат етични, совесни и професионални, притоа користејќи го искуството на предавачите и менторите.

Во рамките на редовните работни активности, во ГРЕКО Комитетот при Советот на Европа, во својство на шеф на Делегацијата на Република Македонија, директорот на Академијата, присуствуваше на 75-та,76-та и на 77-та пленарна седница и во таа насока, во соработка со сите релевантни институции, особено со Министерството за правда, правосудството и ДКСК, ги реализираше активностите во правец на имплементација на обврските, зададени на РМ, во четвртиот круг на оценка на ГРЕКО.

Со цел поголема промоција на работата на ГРЕКО-Комитетот, а во насока на спроведување ефикасна борба против корупцијата во земјата, директорот ги презентираше сите актуелности поврзани со оваа тема, а воедно, дел од позначајните документи, кои произлегоа од состаноците на ГРЕКО, беа преведени на македонски јазик и објавени на веб-страницата на Академијата.

Директорот на Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев беше одликувана со орден “Витез на Националниот ред за заслуги” од страна на францускиот амбасадор во Македонија Кристијан Тимоние, во име на претседателот на Република Франција. Амбасадарот Тимоние на доделувањето на орденот рече дека директорот во изминатите 10 години постојано се залагаше за развој на соработката помеѓу Франција и Македонија во областа на обуката на судии и јавни обвинители, која е од капитално значење за унапредувањето на судството преку примена на европските стандарди.

## IV ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА, РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА

### ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА

Согласно Правилникот за внатрешна организација на Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев, во Академијата постојат следните организациони единици:

1. Сектор за обуки:
   1.1 Одделение за почетна обука и практицирање на судиската или јавнообвинителската функција;
   1.2 Одделение за континуирана обука, меѓународна соработка, странска помош и управување со средствата од ИПА.
2. Сектор за правни работи и управување со човечки ресурси:
   2.1. Одделение за правни работи и управување со човечки ресурси;
   2.2 Одделение за информатички технологии, библиотека, статистики, истражувања и стратешко планирање;
   2.3 Одделение за статистики, евалуација и анализа
3. Сектор за финансиски прашања
   3.1 Одделение за финансиски прашања
   3.2 Одделение за буџетска координација

Стручната служба на Академијата во текот на 2017 година професионално ги извршуваше сите активности и задачи, придонесувајќи кон остварувањето на предвидените цели во сите сегменти на нејзиното работење и институционално зацврстување во рамките на целокупниот правосуден систем. Стручната служба навремено и квалитетно ги извршуваше сите работни задачи, давајќи поддршка во остварувањето на надлежностите на органите и телата на Академијата, на предавачите и менторите како носители на образовниот (едукативниот) процес и изготвување на испитите и во полето на ефикасната деловна кореспонденција со други органи и институции. Навремено беа извршени сите обврски и приоритети произлезени од прописите за работни односи, административни службеници, јавни набавки, подготовка и реализација на буџетот и остварување на

приоритетната дејност на Академијата – спроведување на почетната и континуираната обука.

**СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ И ОБУКИ**

Во насока на професионално надградување и стручно и ефикасно работење на вработените административни службеници, на крајот на 2016 година Академијата донесе Годишен план за обуки на административните службеници за 2017 година број 03-190/14 од 23.12.2016 година. Во текот на 2017 година вработените присуствуваа на обука за Безбедност и здравје при работа.

**УЧЕСТВО НА ДИРЕКТОРОТ И СТРУЧНАТА СЛУЖБА ВО РАБОТНИ ТЕЛА И ГРУПИ**

Директорот и вработените во стручната служба, покрај извршувањето на редовните работни задачи во рамките на делокругот и активностите на Академијата, по овластување на директорот, зедоа активно учество, во својство на членови на работна група, за поглавјето 23 од НПАА – Правосудство и фундаментални права (координатор – Министерство за правда) и на работна група за поглавјето 3.7. од НПАА – Право на интелектуална сопственост (координатор – Државен завод за индустриска сопственост).

Директорот на Академијата беше член и на работната група за следење на имплементацијата на Проектот ИПА 2012 Компонента 1 „Превенција и спречување на корупција вклучително и подобрување на меѓуинституционалната соработка".

# V ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во Академијата за судии и јавни обвинителиПавел Шате, во текот на 2017 година, покрај директорот, вработени се вкупно 18 лица, од кои:

- 16 административни службеници и
- 2 работници.

Распоредот на пополнети работни места е следниот:

1. Во рамките на Секторот за почетна обука:

- Во Одделението за почетна обука и практицирање на судиската или јавнообвинителската функција – 1 вработен Соработник;
- Во Одделението за континуирана обука, меѓународна соработка, странска помош и управување со средствата од ИПА – 2 вработени Соработници и 2 вработени Помлад соработник;

2. Во рамките на Секторот за правни работи и управување со човечки ресурси – вработен Раководител на Сектор;

- Во Одделението за правни работи и управување со човечки ресурси – 1 вработен Помлад соработник, 1 вработен Самостоен референт, 1 вработен Помлад референт. Помошно технички лица – 1 Курир и 1 Хигиеничар;
- Во Одделението за информатички технологии, библиотека, статистики, истражувања и стратешко планирање – 1 вработен Советник, 1 вработен Виш соработник, 1 вработен Соработник, 2 вработени Помлади соработници и 1 Самостоен референт;
- Во Одделението за статистики, евалуација и анализа – нема вработени;

3. Во рамките на Секторот за финансиски прашања:

- Во Одделението за финансиски прашања – 1 вработен Раководител на Одделение;
- Во Одделението за буџетска координација – нема вработени.

Воедно, во текот на 2017 година, засннован е работен однос со 37 слушатели на почетна обука во рамките на VI генерација слушатели на почетна обука. Работниот однос на слушателите е заснован на определено време и тоа се до завршување на почетната обука и изборот на кандидатот за судија во основен суд односно за јавен обвинител во основно јавно обвинителство.

## VI ПОЧЕТНА ОБУКА

**<u>ШЕСТА ГЕНЕРАЦИЈА СЛУШАТЕЛИ НА ПОЧЕТНА ОБУКА 2017/2019 ГОДИНА – 37 слушатели</u>**

Постапката за спроведување на приемниот испит за прием на слушатели на почетната обука заврши на 26 јануари 2017 година кога Комисијата за приемен испит ја донесе Конечната ранг листа на слушатели на почетната обука. По објавувањето на Конечната ранг листа, Комисијата за ревизија на одржаните испити на седница одржана на 30 јануари 2017 година ги разгледа сите записници и одлуки на Комисијата за приемен испит и на Управниот одбор кои беа во врска со текот на постапката за спроведување на приемниот испит и констатира дека во текот на постапката за приемен испит нема процедурални неправилности.

Теоретската настава од почетната обука започна на 1 март 2017 година. Согласно Програмата за почетна обука – теоретска настава, беа реализирани вкупно 1220 часови поделени во три модули.

Граѓанско право (материјално и процесно) 270 часови
Трговско право 54 часови
Уставно право 18 часови

Управно право 18 часови

Информатички технологии и правно истражување 36 часови




Судска психијатрија 18

Комуникациски вештини, управување со предмети и односи со јавноста, Реторика со правно аргументирање, Лингвистика на правото 54 часови

Англиски јазик 54 часови




Меѓународно право 72 часа

Право на ЕУ 54 часа

Етика, деловна култура и деонтологија 36 часа

Судска психологија 18 часа



За реализација на предвидениот број на часови согласно Програмата за почетна обука – теоретска настава беа ангажирани вкупно 77 предавачи.

Освен предвидениот број на часови согласно Програмата за почетна обука - теоретска настава, беа реализирани дополнителни 140 часови од страна на 8 странски и 17 домашни предавачи, како и посета на релавантни институции, меѓу кои Стопанската комора на Македонија, Државниот завод за индустриска сопственост, Управата за јавни приходи, Психијатриската болница Скопје, Универзитетската клиника за психијатрија, Институтот за судска медицина, Одделот за криминалистичко технички испитувања и вештачења во Министерството за внатрешни работи, Секретаријатот за европски прашања и други.

Согласно Правилникот за почетна обука, по завршувањето на теоретската настава, слушателите ќе полагаат тест за проверка на знаењето во кој ќе бидат опфатени сите модули што се изучувани во текот на теоретската настава.

## VII КОНТИНУИРАНА ОБУКА

Континуираната обука на судиите и јавните обвинители се одвиваше во согласност со Општата програма за континуирана обука на судиите и јавните обвинители за 2017-2018 година и со Каталогот на обуки за 2017 година.

Се организираа обуки за измените на домашната легислатива, на меѓународната легислатива и легислативата на Европската Унија, за судската практика, како и за општи теми, потребни за извршување на судската и јавнообвинителската функција.

Обуките се одржуваа децентрализирано, по сите апелациски подрачја. Најголемиот број се одржаа во Скопје, а помал број, кој се одредува во зависност од потребата на целната група за која се организираат, се спроведоа во Апелациониот суд Битола, Основниот суд Гостивар и Апелациониот суд Штип. Покрај судии и јавни обвинители, на обуките беа вклучени учесници и предавачи од разни институции, кои се засегнати со темата која се обработува. На тој начин се остварува размена на искуства и дискусија за воочените проблеми и недоследности во примената на законите, помеѓу правните практичари, со цел нивно надминување и воедначено постапување.

## БРОЈ НА ОБУКИ ВО 2017 ГОДИНА

Во периодот од 1 јануари 2017 година, до 31 декември 2017 година, во организација на Академијата реализирани се вкупно 201 обука, со учество на 4564 учесници, од кои 1933 беа судии, 615 јавни обвинители, 1280 стручен соработник од судовите и обвинителствата и 736 други учесници – претставници од други релевантни институции, организации, од невладиниот сектор итн., поканети од страна на Академијата, а работат на области поврзани со содржината на обуката.




## СТРУКТУРА НА ЦЕЛНИТЕ ГРУПИ




## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОБУКИТЕ

Од вкупно реализираните 201 обуки во извештајниот период, 117 обуки се одржани во самостојна организација на Академијата, додека 84 обуки Академијата ги организираше во соработка и со делумно или со целосно кофинансирање со други домашни и странски проекти, здруженија, организации и институции.



**СОДРЖИНА НА ОБУКИТЕ**

Од вкупно реализираните обуки во извештајниот период, 52 се одржани од областа на граѓанското право, 81 од областа на кривичното право, 3 од областа на управното право, 16 од областа на трговското право, 39 обуки беа посветени на општи теми, специјализирани обуки 10 . Графички прикажана, структурата на обуките изгледа вака:




Во текот на 2017 година беа ангажирани вкупно 195 предавачи, од кои 130 домашни експерти и 65 странски експерти.




Од домашните експерти, кои во текот на 2017 година зеле учество во својство на предавачи на обуките, 31 се судии, 17 се јавни обвинители и 85 се други експерти, во согласност со областите што беа опфатени со обуките.




Во 2017-тата година, беа ангажирани експерти од највисоко ниво – судии и јавни обвинители од други држави од највисоките инстанции, судии на врховните судови, на уставните судови, од државните јавни обвинителства, професори, судии на Европскиот суд за човекови права и други врвни експерти.

Покрај предавачите на Академијата, кои се наоѓаат на листата со постојани предавања, Академијата ангажира и повремени предавачи – експерти од соодветните министерства, заводи, управи и од други државни органи, институции и организации, особено од оние со кои Академијата во партнерство ги исполнува обврските за обуки, во согласност со НПАА, експерти од невладиниот сектор, судии во пензија, професори, асистенти, адвокати, нотари, извршители, вештаци, психијатари и многу други, од профилот потребен за конкретната обука.

Од вкупниот број обуки што беа реализирани во текот на извештајниот период, 150 беа одржани во Скопје, 14 во Битола, 10 во Штип, 4 обуки во Гостивар, додека другите 23 обуки се одржаа во други градови и места низ Република Македонија.



# КОНТИНУИРАНА ОБУКА ЗА ПРИМЕНА НА ПРОЦЕСНИ ЗАКОНИ

## ЗАКОН ЗА ПАРНИЧНА ПОСТАПКА

Во периодот од 1 јануари 2017 година до 31 декември 2017 година, во организација на Академијата реализирани се 5 обуки наменети за судиите кои се однесуваат на Законот за парнична постапка, со учество на вкупно 109 учесници од кои 90 судии и 15 судски соработници од граѓанските оддели на судовите од сите апелациони подрачја и 4 нотари. Реализираните обуки беа на следните теми: Објективно и субјективно преиначување на тужбено барање; Новините во Законот за парнична постапка и Законот за нотаријат во врска со судски и нотарски платен налог и постапување по приговори; Спорни прашања во врска со доставата во парничната постапка, со посебен осврт на електронска достава со скенирани поднесоци; Улогата на процесните решенија во управување со парничната постапка и видови на процесни решенија; Измени на ЗПП со судска практика, практични проблеми во врска со имплементацијата;

За судските службеници организирана е посебна обука на тема - Достава на судски писмена, согласно Законот за парнична постапка и Законот за кривична постапка со практични примери, на која учествувале вкупно 25 службеници.

Покрај тоа организирани се две обуки на тема „Структура на писмена изработка на судска пресуда и решение“ на кои учествувале вкупно 25 учесници од кои 9 судии, 13 судски соработници и 3 адвокати.

## ЗАКОН ЗА КРИВИЧНА ПОСТАПКА

Академијата во самостојна организација одржа обуки на повеќе теми од Законот за кривична постапка и тоа на следните теми: Мерки на претпазливост со посебен осврт на мерката притвор, притвор во скратена постапка и екстрадиционен притвор, Увид, реконструкција, вештачење, технички советник и супервештачење како доказни средства во кривичната постапка, Скратена постапка, постапка за донесување пресуда за издавање казнен налог и притвор во скратена постапка. На овие обуки присуствуваа вкупно 36 судии, 20 јавни обвинители и 17 стручни соработници (вкупно 73)

Во текот на месеците февруари и март Академијата организираше 3 обуки за новата пробациска служба, во согласност со одредбите од Кривичниот законик и Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната. На овие обуки, присуствуваа вкупно 71 учесник од кои 36 судии, 27 јавни обвинители и 9 стручни соработници од сите апелациони подрачја.

Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2017 година, во самостојна организација, беа реализирани 2 еднодневни обуки, наменети за стручните соработници од кривичните оддели од сите судови и обвинителства во Република Македонија на тема: „Кривична постапка согласно новиот Закон за кривична постапка“. На овие обуки присуствуваа вкупно 80 учесници од кои 59 јавнообвинителски службеници и 21 судски службеник.

СПЕЦИЈАЛИЗИРАН МОДУЛ НА ОБУКА ЗА ВИШИОТ УПРАВЕН СУД И ЗА УПРАВНИОТ СУД

Судиите и стручната служба на Вишиот управен суд и на Управниот суд присуствува на обуки приспособени кон нивните потреби, со можност за учество и на други обуки на кои се разработуваат теми од интерес за управното судство како и на општи теми. Беа реализирани специјализирани обуки на следните теми: „Примена на Законот за катастар на недвижности“, „Извршување на пресудите на ЕСЧП вклучително и повторување на постапката како вид на индивидуална мерка“, „Жалбени постапки во заедничкиот европски систем за азил“ (во соработка со TAIEX), „Царински прекршоци, одлучување по жалби и тужби за управен спор“. Покрај тоа, во соработка со ЕАСО, за тематската област–азил, беше организирано учество на 7 судии од Вишиот управен суд и Управниот суд на регионален семинар во Црна Гора односно 9 судии беа учесници во студиската посета во Варшава – Полска.

ОБУКИ ЗА ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

Во текот на 2017 година, Академијата, согласно со обврските од „Националната програма за усвојување на правото на ЕУ“ (НПАА), продолжи со континуирана едукација на судиите и на јавните обвинители од областа на интелектуалната сопственост, со цел, преку натамошно јакнење на свеста за значењето на правата на интелектуална сопственост и доследна примена на регулативата од оваа област, да се обезбеди ефикасно гонење на прекршителите на правата од интелектуална сопственост и ефикасна судска заштита.

Во тој контекст Академијата во соработка со ЕУ Твининг проектот **„Зајакнување на спроведување на правата од интелектуална сопственост“** на Кралството Данска, реализираше:

- пет дводневни советувања посветени на спроведување на правата од интелектуална сопственост на кои учествуваа вкупно 108 учесници од кои 53 судии, 16 јавни обвинители, 23 судски соработници, 9 јавнообвинителски стручни соработници, 6 претставници на Министерството за внатрешни работи и 1 претставник на Министерство за правда;
- една тридневна обука на обучувачи од областа на интелектуалната сопственост на која учествуваа вкупно 6 учесници од кои 1 судија, 1 адвокат и застапник за правата од индустриска сопственост, 2 претставници на Државниот завод за индустриска сопственост, 1 претставник на Државниот пазарен иснспекторат и 1 претставник на Министерството за култура.

Покрај тоа, во рамките на Проектот изготвен е Прирачник за спроведување на правата од интелектуална сопственост а еден судија беше учесник во студиска посета во Данска за тематската област –Право на интелектуална сопственост.

**<u>ОБУКИ ЗА ЕТИКА И БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА И СУДИР НА ИНТЕРЕСИ</u>**

Академијата, во 2017 година, во согласност со препораките на ГРЕКО, за унапредување на превентивните механизми за корупција, во делот на обуките, организираше вкупно 19 обуки во соработка со ДКСК, од кои 1 обука, за судиите и јавните обвинители, 1 обука за претседатели на судови и судски администратори, 1 обука за Јавни обвинители на јавни обвинителства и раководни службеници, 14 обуки за судиите-поротници, на теми поврзани со етиката, етичкото однесување, спречување

судир на интереси и антикорупциски мерки, како и 2 обуки за судските и јавнообвинителските службеници и тоа:

- 1 обука за судии и јавни обвинители од сите апелациони подрачја, на тема: „Етика и интегритет / Судир на интереси“, на која учествувале вкупно 33 учесници, од кои 25 судии и 8 јавни обвинители.

- 2 обуки во соработка со ЕИПА-(Европски институт за јавна администрација-Луксембург), наменети за претседатели на судови, судски администратори, Јавни обвинители на јавни обвинителства и раководни службеници од сите апелациони подрачја, на тема: „Етика“, на која учествувале вкупно 34 учесници, од кои 8 претседатели на судови, 7 јавни обвинители на јавни обвинителства, 2 судии, 9 судски службеници и 8 јавнообвинителски службеници.

- 2 обуки за судски и јавнообвинителски службеници, на тема: „Превенција на корупцијата и судирот на интереси, добро владеење, интегритет и етика“, на која учествувале вкупно 32 учесници од сите апелациски подрачја, од кои 16 се судски службеници а 16 јавнообвинителски службеници.

- 14 обуки за судиите-поротници, на тема: „Судир на интереси/Антикорупциски мерки/Етика и етички кодекс“, на која учествувале вкупно 188 судии-поротници, од кои 71 учесник е од апелационо подрачје Скопје, 34 учесници од апелационо подрачје Штип, 63 учесници од апелационо подрачје Битола и 20 учесници од апелационо подрачје Гостивар;

Во рамките на реализација на активности предвидени со НПАА беа организирани и следните обуки:

- 2 обуки на тема „Кривични дела од областа на финансискиот криминал: даночно затајување, перење пари и корупција“ , со учество на 16 судии , 13 јавни обвинители и 11 стручни соработници.
- 1 обука на тема „Финансиски истраги:како се перат пари “, во соработка со ЗЈОРМ, со учество на 9 обвинители и 10 стручни соработници.
- 2 обуки на теми поврзани со конфискација, проширена конфискација и противправно стекнување имот, со учество на 18 судии, 19 јавни обвинители и 9 стручни соработници.
- 1 обука на тема „Кривична одговорност на правни лица / Поткуп“, со учество на 8 судии, 12 јавни обвинители и 1 стручен соработник.
- 3 обуки за мерката притвор, со учество на 35 судии, 17 јавни обвинители и 14 стручни соработници.

**ОБУКИ ПОСВЕТЕНИ НА ОДДЕЛНИ ЧЛЕНОВИ НА ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА**

Во рамките на „ЈУФРЕКС" проектот, кој веќе опфаќа шест локации во Балканскиот регион, а е во соработка со Советот на Европа, Академијата за судии и јавни обвинители организираше вкупно 3 обуки кои се однесуваат на слободата на изразување од членот 10 од Европската конвенција за човекови права, од кои една обука на обучувачи и 2 каскадни обуки. На обуката на обучувачи беа обучени 12 судии, 3 јавни обвинители и 5 адвокати, или вкупно 20 учесници.

На двете каскадни обуки, поврзани со член 10 од ЕКЧП, односно Слободата на изразување на интернет, и балансот помеѓу слободата на изразување и правото на приватност присуствуваа вкупно 22 судии, 3 судски соработници, 1 претставник од редот на адвокатите и 2 претставници на Бирото за застапување на Република Македонија пред ЕСЧП.

Во рамките на овој проект предвидено е да се одржат уште најмалку 2 активности во текот на 2018 година.

Академијата во рамките на програмата Horizontal финансиран од Европската унија, а имплементиран од Советот на Европа „Зајакнување на капацитетите на судството за заштита на човековите права и борба против нечовечно и понижувачко постапување и против неказнивоста" организираше и одржа 2 обуки на обучувачи, 2 пилот обуки и вкупно 4 каскадни обуки во различни апелациони подрачја. Овие обуки се однесуваа на членовите 3 и 6 од ЕКЧП, односно Забраната за мачење и Правото на правична судска постапка.

На обуката за обучувачи за член 3 од ЕКЧП беа обучени вкупно 3 судии и 10 јавни обвинители, а на пилот обуката и каскадните обуки за овој член присуствуваа вкупно 36 судии, 26 јавни обвинители и 22 стручни соработници.

На обуката за обучувачи за член 6 од ЕКЧП беа обучени вкупно 3 судии, 4 јавни обвинители и 2 адвокати, а на пилот обуката и каскадните обуки за овој член присуствуваа вкупно 17 судии, 10 јавни обвинители и 15 стручни соработници.

Во рамките на овој проект, во текот на 2018 година предвидено е да се одржат уште 1 обука за член 3 од ЕКЧП и 3 обуки за член 6 од ЕКЧП. Во рамките на истиот проект, во текот на наредната година, предвидено е да се одржи обука на обучувачи во врска со член 5 од ЕКЧП.

Во рамките на соработката со TAIEX организирани се 2 обуки, на следните теми: „Правото на слобода и безбедност во кривичната постапка (чл.5 од ЕКЧП)" и „Принципот на еднаквост на оружјата (чл.6 од ЕКЧП)", со учество на вкупно 45 судии, 34 јавни обвинители, 2 стручни соработници, 5 адвокати и 2 претставници на Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП.

Покрај тоа во самостојна организација на Академијата реализирани се уште 3 обуки посветени на ЕКЧП, на следните теми: „Член 3 од ЕКЧП со посебен осврт на обврската за спроведување ефикасна истрага", „Принципот на правна сигурност од членот 6 на ЕКЧП низ призмата на усогласена домашна судска пракса" и „Правото на сопственост (член 1 од Протоколот 1 на ЕКЧП)", со учество на вкупно 47 судии, 2 јавни обвинители и 15 судски соработници.

## ОБУКИ ПОСВЕТЕНИ НА ПРАВО НА ЕУ

Правото на ЕУ беше разработено на обуки преку следните теми:

1. „Потрошувачкото право согледано преку Законот за заштита на потрошувачите и поврзаноста со другите закони“. Советувањето беше организирано во соработка со ИРЗ и се одржа со присуство на вкупно 31 учесник.
2. „Хашка конвенција за меѓународно остварување на правото на издржување на децата (2007) со Протоколот за меродавно право за обврските за издржување“. Присуствувале вкупно 14 учесници.
3. „Меѓународна судска соработка во прекугранични спорови од аспект на правото на ЕУ - регулатива на ЕУ за правото кое се применува на договорните обврски (РИМ 1)“. Советувањето го следеле 26 учесници.
4. 2 советувања на тема „Структура и институционална рамка на СПЕУ, општ преглед на правото на ЕУ/ Пребарување, анализа и примена на правото на ЕУ, судска пракса на СПЕУ“. Советувањата се организирани во соработка со Твининг проект на Латвија, а на нив учество зеле 54 учесници.
5. 5-дневна обука за Право на ЕУ - Меѓународна судска соработка во граѓанска и трговска материја, организирана во соработка со ЕИПА. На советувањето учествувале 6 судии.
6. „Конвенција за граѓанските аспекти на меѓународното грабнување деца“, со учество на 26 учесници.

## СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА ОБУКА ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СУДОВИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА

Во текот на 2017 година беа организирани следните специјализирани обуки за претседателите на судовите и за јавните обвинители на јавните обвинителства.

За претседателите беа одржани следните обуки:

- „Етика“, советување организирано во соработка со ЕИПА
- „Попис и евиденција на судски депозити“

Јавните обвинители на јавните обвинителства имаа обука на тема:

- „Етика“, советување организирано во соработка со ЕИПА

## ОБУКИ ЗА ОБУЧУВАЧИ

Во рамките на „ЈУФРЕКС“ проектот, кој веќе опфаќа шест локации во Балканскиот регион, а е во соработка со Советот на Европа, Академијата за судии и јавни обвинители организираше обука на обучувачи во врска со слободата на изразување од членот 10 од Европската конвенција за човекови права, на која беа обучени 12 судии, 3 јавни обвинители и 5 адвокати, или вкупно 20 учесници.

Академијата во рамките на програмата Horizontal финансиран од Европската унија, а имплементиран од Советот на Европа „Зајакнување на капацитетите на судството за заштита на човековите права и борба против нечовечно и понижувачко постапување и против неказнивоста“ организираше и одржа 2 обуки на обучувачи кои се однесуваа на членовите 3 и 6 од ЕКЧП, односно Забраната за мачење и Правото на правична судска постапка.

На обуката за обучувачи за член 3 од ЕКЧП беа обучени вкупно 3 судии и 10 јавни обвинители.

На обуката за обучувачи за член 6 од ЕКЧП беа обучени вкупно 3 судии, 4 јавни обвинители и 2 адвокати.

Во рамките на истиот проект, во текот на наредната година, предвидено е да се одржи обука на обучувачи во врска со член 5 од ЕКЧП.

Обука на обучувачи беше спроведена и во рамките на Данскиот твининг проект за 6 учесници - претставници на релевантни институции вклучени во системот на спроведување на правата од интелектуална сопственост.

**НОВОИЗБРАНИ СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ**

Во текот на 2017 година, за новоизбраните судии и јавни обвинители беа организирани специјализирани петдневни обуки во два модули, модул „Казнено право" за новоизбраните јавни обвинители и новоизбраните судии распоредени на прекршочна и кривична материја и модул „Граѓанско право", за новоизбраните судии распоредени на граѓанска материја.

**СУДИИ-ПОРОТНИЦИ**

Исполнувајќи ја и законската обврска, во согласност со член 42 став 3 од Законот за судови, судиите-поротници задолжително посетуваат специјализирани обуки, организирани од страна на Академијата.

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" од 1 јануари 2017 година до 31 декември 2017 година, организираше 7 обуки, со учество на вкупно 188 учесници, од кои 71 се од апелационо подрачје Скопје, 34 од апелационо подрачје Штип, 63 од апелационо подрачје Битола и 20 од апелационо подрачје Гостивар.

**Исто така, во согласнот со член 42 став 4 од Законот за судовите, Академијата спроведе тест за проверка на стекнатите знаења од одржаните Специјализирани обуки за судиите поротници по апелациони подрачја, при што 182 кандидати го положија тестот и се здобија со стаус судија поротник.**

**ОБУКА НА СУДСКИТЕ И ЈАВНООБВИНИТЕЛСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ**

Во текот на 2017 година, Академијата продолжи со стручно усовршување на судските и јавнообвинителските службеници, кои имаат свој значаен придонес во успешното работење на судовите и јавните обвинителства.

Обуките за судските и јавнообвинителските службеници опфаќаа разни целни групи и тоа: стручната служба во судовите и обвинителствата, раководните службеници и стручно-административни работници.

Во согласност со Програмата и Планот за обуки за судските и јавнообвинителските службеници, во периодот од 1 јануари 2017 година до 31 декември 2017 година, во организација на Академијата, реализирани се вкупно 26 обуки за судските и јавнообвинителските службеници, со учество на вкупно 687 учесници, од коишто 357 се судски службеници, а 330 јавнообвинителски службеници, на следните теми:

- „Примена на основни принципи на заштита на личните податоци во практиката во судовите / Улогата на офицерот за заштита на личните податоци согласно новата регулатива на ЕУ “;
- „Новини во областа на јавните набавки / законски измени, електронско спроведување на јавни набавки, отворени прашања при постапување во пракса“;
- „Раскинување на договор за доживотна издршка поради неисполнување на обврски“;
- „Изработка на завршна сметка“;
- „Материјално, финансиско и канцелариско работење“;
- „Превенција на корупција и судир на интереси, добро владеење, интегритет и етика“;
- „Кривичната постапка согласно новиот ЗКП / Проблеми кои произлегуваат од примената на Законот“;
- „Раководење и управување по Законот за судска служба“;
- „Практични проблеми од примената на Законот за јавнообвинителски службеници“;
- „Примена на ИТ во обвинителствата“;
- „Штета – испуштена корист (докажување на видот и обемот на испуштената корист)“;
- „Комуникациски способности - Вештина на комуницирање, видови, справување со стрес“;
- „Наплатување на судска такса и извршување на санкции согласно Судскиот деловник и Законот за судски такси“;
- „Достава на судски писмена, согласно Законот за парнична постапка и Законот за кривична постапка со практични примери“;
- „Управување со човечки ресурси“;
- „Управување со предмети“;
- „Извршување на попис и изработка на пописни листи“;
- „Попис и евиденција на судски депозити“;
- „ Етика “.




## VIII СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ ОРГАНИ, ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ И СТРАНСКИ ПАРТНЕРИ И ПРОЕКТИ

Соработката со домашни органи, институции, организации и здруженија, како и со странски партнери и проекти, воспоставена на почетокот од функционирањето на Академијата, со несмален интензитет се одвиваше и во текот на 2017 година.

## ДОМАШНИ ОРГАНИ, ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ

Во текот на 2017 година, при организација на настаните во континуираната обука, Академијата оствари соработка со Министерство за економија, Здружение на јавните обвинители на РМ, Биро за судски вештачења, Државен завод за индустриска сопственост, Здружение на новинарите на Македонија, ЦПИА - Центар за правни истражувања и анализи, Комора на стечајни управници на РМ и Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија.

Во 2017 година продолжи соработката со **Министерството за економија**, воспостевена заради реалиација на ИПА проектот „Зајакнување на административните капацитети за спроведување на законската рамка за стечај и ликвидација на друштвата“, кој започна да се реализира во текот на 2016 година. Во рамките на оваа соработка, во 2017 година се одржаа советувања на следните теми: „Процена на имотот на должникот во стечајна постапка – практични аспекти“ – 2 советувања; Услови за отворање стечајната постапка - нормативни аспекти и судска пракса; Правни последици од отворање стечајна постапка - нормативни аспекти и судска пракса; Управување со стечајната постапка - нормативни аспекти и судска пракса; Заштита на правата на доверителите во стечајната постапка - нормативни аспекти и судска пракса; Стечаен управник - нормативни аспекти и судска пракса; Побивање на должниковите правни дејствија - нормативни аспекти и судска пракса; Реорганизација на стечајниот должник во услови на претходна постапка - нормативни аспекти и судска пракса; и Реорганизација на стечајниот должник во стечајна постапка - нормативни аспекти и судска пракса.

Во соработка со **Здружението на јавните обвинители на РМ** се организираа советувања на следните теми: Финансиски истраги – Како се перат пари; Борба против трговија со луѓе; Заштита на сведоците: Предизвик и ризик во кривичната постапка (3 советувања); Меѓународна соработка во кривична материја (2 советувања)

Во организација на **Бирото за судски вештачења** организирано е советување на тема Сообраќајно – технички вештачења како основ за квалитетно решавање на судски спорови, на кое, преку Академијата беше упатена покана до судии и јавни обвинители кои постапуваат во овој вид предмети.

Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев во соработка со **Здружението на новинари во Македонија**, во рамки на проектот „Мрежа на новинарите за слобода на медиумите во Македонија“, организираше стручен состанок на тема: ,,Подобрување на соработката помеѓу новинарите и судиите со цел унапредување на медиумските слободи“, на кој учествуваа новинари, судии, јавни обвинители и адвокати. Оваа средба допринесе да бидат разгледани теми кои се од заеднички интерес, а се поврзани со слободата на медиумите. Овој тип на состаноци ја подобруваат комуникацијата и довербата а воедно ја зајакнуваат соработката помеѓу новинарите и судиите.

Со **ЦПИА - Центар за правни истражувања и анализи** се одржа тродневно советување на тема **„**Споделување на практични искуства на ЕСЧП *vis a vis* практичните искуства на

одделите за судска пракса во Република Македонија". Советувањето беше наменето за лица одговорни за судската пракса, како и за раководителите на кривичните и граѓанските од Врховниот суд на Република Македонија, четирите апелациони судови и на Основниот суд Скопје I и основниот суд Скопје II како судови со најголем обем на предмети. Исто така на советувањето присуствуваа и судски соработници кои работат на оваа материја од споменатите судови.

Со **Комората на стечајни управници на РМ** се одржаа 4 советувања на тема „Практични искуства, судска пракса и правни проблеми кои се јавуваат во примената на Законот за стечај".

Со **Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија** се одржа советување на тема Пристап до правда на ЛГБТИ заедниците, наменет за јавни обвинители.

## СТРАНСКИ ПАРТНЕРИ И ПРОЕКТИ СО КОИ СОРАБОТУВАШЕ АКАДЕМИЈАТА ВО ТЕКОТ НА 2017 ГОДИНА

Воспоставената соработка продолжи и со странските партнери и проекти, кои со финансиска и техничка поддршка овозможија организирање многубројни работилници, тркалезни маси, семинари:

- TAIEX-инструментот за техничка помош и размена на информации при Европската комисија; ЕИПА; Германската фондација за меѓународна правна соработка – ИРЗ; Совет на Европа; Дански твининг-проект; Мисијата на ОБСЕ во Скопје; Твининг-проект на Латвија; Регионален центар за животна средина за Централна и Источна Европа (REC); Европската канцеларија за поддршка на азилот –EACO;
- УНИЦЕФ; UNODC; Амбасадата на САД во Република Македонија; iPROCEED; УНДП;
- Амбасадата на Р. Франција;

### ➢ ОБУКИ ВО СОРАБОТКА СО ИНСТРУМЕНТОТ *TAIEX* ЗА ТЕХНИЧКА ПОМОШ И РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ ПРИ ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Со финансиска поддршка на инструментотот *TAIEX* за техничка помош и размена на информации при Европската комисија на Европската Унија, во текот на 2017 година, беа одржани 4 работилници на тема:

- Заштита на правата на сопственост според членот 1 од ЕКЧП
- Принципот на еднаквост на оружјата (член 6 од ЕКЧП)
- Правото на слобода и безбедност во кривичната постапка (член 5 од ЕКЧП)
- Жалбените постапки во заедничкиот европски систем за азил

Во декември 2017 година Академијата со финансиска подддршка на инструментот *TAIEX* за техничка помош и размена на информации при Европската комисија на Европската

Унија организираше регионална работилница на тема: ,,Стандардите на Европската Унија за почетна обука на судии и јавни обвинители, со учество на претставници кои биле слушатели во почетна обука во Академијата, предавачи, ментори, членови на програмски и управен одбор на Академијата, претставници од Правосудните Академии од земјите од регионот-Македонија, Србија, Црна Гора, Косово, Албанија и Турција.

- **ЕВРОПСКИОТ ЦЕНТАР ЗА СУДИИ И ПРАВНИЦИ, ЕВРОПСКИ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА – ЕИПА**

Во соработка со Европскиот центар за судии и правници, европски институт за јавна администрација – ЕИПА, во периодот од 1 јануари 2017 година до 31 декември 2017 година, одржани се 6 обуки со учество на вкупно 110 учесници, на следните теми:

- **„**Етика“**,** одржани 2 обуки, со учество на вкупно 34 учесници, од кои 8 претседатели на судови, 7 Јавни обвинители на Јавни обвинителства, 2 судии и 17 службеници;
- „Инструменти на судска соработка во кривични предмети“, одржани 2 обуки, со учество на вкупно 39 учесници, од кои 8 судии, 3 обвинители, 25 службеници и 3 адвокати;
- „Право на ЕУ: Судска соработка во граѓански и трговски предмети во ЕУ“ одржана 1 обука со учество на вкупно 6 судии;
- „Развој на квалитет во полето на правда“, одржана 1 обука, со учество на вкупно 31 учесник, од кои 24 судии и 7 обвинители;

- **УНИЦЕФ**

Во текот на 2017 година Академијата за судии и јавни обвинители во соработка и со финансиска поддршка на канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје организираше конференција на тема: **,,Заштита на децата-жртви во правните постапки''** на која учествуваа судии од кривичните и граѓанските оддели и јавни обвинители од сите апелациони подрачја, адвокати, како и претставници од Министерството за правда на Република Македонија, Министерство за труд и социјална политика, центрите за социјална работа и Министерството за внатрешни работи на Република Македонија. Целта на оваа конференција беше да бидат образложени примери од судската пракса во правосилно завршени предмети, заради подобрување на ефикасноста во постапувањето и воедначување на судската пракса, како и презентирање на новите начини на електронска комуникација и заштитата на децата.

Во текот на 2018 година во соработка со Македонското здружение на млади правници и со УНИЦЕФ, предвидено е да се спроведе проектот „Заштитата на правата на децата во кривични и граѓански постапки“. За потребите на проектот ќе биде изготвен и тренинг модул од страна на експерти од областа на кривичното право, социјална заштита, педагогија, психологија и здравствена заштита, по што ќе следат и обуки на судии, јавни обвинители и адвокати кои работат на оваа материја.

## ➢ ГЕРМАНСКАТА ФОНДАЦИЈА ЗА МЕЃУНАРОДНА ПРАВНА СОРАБОТКА – ИРЗ

Во рамките на извештајниот период, Академијата, во соработка со Германската фондација за меѓународна правна соработка – ИРЗ и со нејзина финансиска поддршка, со која има повеќегодишна плодна соработка, ги реализираа следните активности:

- Во соработка со Германската фондација за меѓународна правна соработка (IRZ) на 3 февруари се одржа советување на тема: „Потрошувачкото право согледано преку Законот за заштита на потрошувачите и поврзаноста со другите закони“. Советувањето беше наменето за судии и стручни соработници од сите оддели на сите апелациони подрачја, преставници на Адвокатската комора на Република Македонија, како и за претставници од Министерството за правда. На советувањето присуствуваа 15 судии, 9 адвокати, 2 претставници на Министерството за финансии, претставници на Државниот пазарен инспекторат.
- На 27 април се одржа советување на тема: „ Надлежноста на националните судови и примена на меродавното право во конкретни случаи според ЗМПП“. На советувањето присуствуваа 8 судии, 6 судски соработници и 11 адвокати. Во периодот од 28-30 ноември се одржа Обука за вовед во германското право. Во рамките на оваа програма предвидено е за време на еднонеделен студиски и работен престој во Германија, младите македонски правници да се запознаат со германскиот правен систем како пример за традиционален континентално европски правен систем што е хармонизиран со правото на ЕУ и притоа да соберат искуства кои ќе им користат за нивната подоцнежна работна пракса како судии и јавни обвинители. Обуката ја следеа 5 судии и 10 јавни обвинители. Истите полагаа писмен и усен тест, по што ќе следи и студиска посета во месец мај 2018 година во Германија каде учесниците поблиску ќе се запознаат со овој правен систем и со работата на релевантни институции.

## ➢ СОВЕТ НА ЕВРОПА И HELP-ПРОГРАМА НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

Во рамките на „ЈУФРЕКС“ проектот, кој веќе опфаќа шест локации во Балканскиот регион, а е во соработка со Советот на Европа, Академијата за судии и јавни обвинители организираше вкупно 3 обуки кои се однесуваат на слободата на изразување од членот 10 од Европската конвенција за човекови права, од кои една обука на обучувачи и 2 каскадни обуки.

На обуката на обучувачи беа обучени 12 судии, 3 јавни обвинители и 5 адвокати, или вкупно 20 учесници.

На двете каскадни обуки, поврзани со член 10 од ЕКЧП, односно Слободата на изразување на интернет, и балансот помеѓу слободата на изразување и правото на приватност присуствуваа вкупно 22 судии, 3 судски соработници, 1 претставник од редот на адвокатите и 2 претставници на Бирото за застапување на Република Македонија пред ЕСЧП.

Во рамките на овој проект предвидено е да се одржат уште најмалку 2 активности во текот на 2018 година.

Академијата во рамките на програмата Horizontal финансиран од Европската унија, а имплементиран од Советот на Европа „Зајакнување на капацитетите на судството за заштита на човековите права и борба против нечовечно и понижувачко постапување и против неказнивоста“ организираше и одржа 2 обуки на обучувачи, 2 пилот обуки и вкупно 4 каскадни обуки во различни апелациони подрачја. Овие обуки се однесуваа на членовите 3 и 6 од ЕКЧП, односно Забраната за мачење и Правото на правична судска постапка.

На обуката за обучувачи за член 3 од ЕКЧП беа обучени вкупно 3 судии и 10 јавни обвинители, а на пилот обуката и каскадните обуки за овој член присуствуваа вкупно 36 судии, 26 јавни обвинители и 22 стручни соработници.

На обуката за обучувачи за член 6 од ЕКЧП беа обучени вкупно 3 судии, 4 јавни обвинители и 2 адвокати, а на пилот обуката и каскадните обуки за овој член присуствуваа вкупно 17 судии, 10 јавни обвинители и 15 стручни соработници.

Во рамките на овој проект, во текот на 2018 година предвидено е да се одржат уште 1 обука за член 3 од ЕКЧП и 3 обуки за член 6 од ЕКЧП. Во рамките на истиот проект, во текот на наредната година, предвидено е да се одржи обука на обучувачи во врска со член 5 од ЕКЧП.

Воедно, заради оспособување на судиите и обвинителите за правно пребарување, беа одржани повеќе обуки за користење на ХЕЛП-програмата, за користење на базите *ХУДОК* и *АИРЕ* со одлуки на ЕСЧП, преведени на јазиците на државите од регионот.

- **<u>UNODC – Канцеларија на Обединетите нации за дрога и криминал</u>**

Примарната цел на Проектот на Канцеларијата на Обединетите Нации за дрога и криминал (UNODC), Оддел за тероризам кој е наменет за помош на националните правосудства на (Албанија, БиХ, Хрватска, Косово, Црна Гора, Србија и Република Македонија) за јакнење на нивната стручност во борбата против новите терористички закани во Југоисточна Европа е развивање на институциите за обука во националните законодавства во Југоисточна Европа, за да се обезбедат обуки на конкретни правни и технички аспекти поврзани со борбата против тероризмот, на национално и регионално ниво, преку модули кои ќе вклучуваат најдобра пракса и преку релевантни практични искуства.

Во текот на 2017 година Академијата во соработка со Канцеларијата за дрога и криминал на Обединетите нации и Американската амбасада на САД во РМ, организираше настан на тема:,,Истражување и пресудување по случаи што вклучуваат странски терористички борци во Југоисточна Европа’’, во еден период во кој се посилни се и за жал пореални, терористичките закани на глобално ниво. Знаењето кое практичарите го стекнаа преку овој настан им помогна да имаат подобра правна комуникација во пракса а воедно и да го споделат со своите колеги.

На крајот од годината проектот на Канцеларијата на Обединетите Нации за дрога и криминал (UNODC), организираше обука за странски терористички борци во Виена, Австрија. Воедно, ова беше последен настан на проектот и е завршна фаза на модулот за странски терористички борци за кој во најскоро време ќе биде испечатена неговата англиска верзија.

Академијата за судии и јавни обвинители во соработка со Канцеларијата на Обединетите Нации (UNODC), Оддел за организиран криминал и недозволена трговија со луѓе во текот на 2017 година започна изработка на курикулум за криумчарење на мигранти.

Примарната цел на Одделот за организиран криминал и недозволена трговија со луѓе за изработка на курикулум за криумчарење на мигранти на UNODC во однос на фокусирање на шверцувањето на мигранти е да се промовира глобално почитување на Протоколот за шверцувањето на мигранти кој е потпишан и од Република Македонија и да им се помогне на државите во нивните заложби за ефективна имплементација. За таа цел, во текот на 2017 година во работна посета на релевантните правосудни институции во Република Македонија присуствуваа претставници од Одделот за организиран криминал и недозволена трговија со луѓе. Со оглед на тоа дека во тек се подготовките за изработка на курикулумот за криумчарење мигранти, од големо значење беше учеството на сите релевантни институции преку остварување на средба за нивно запознавање и вклучување во подготовката.

Исто така, во текот на 2017 година беше организирана дводневна обука на обучувачи поврзана со подготовката на курикулумот за криумчарење мигранти. Експертската група која ја спроведе обуката се состоеше од еден меѓународен консултант за криумчарење мигранти и трговија со луѓе и офицер за превенција и за криминална правда од UNODC единица против трговија со луѓе и криумчарење мигранти. На средбат со учествуваа претставници од сите релевантни институции.

- **<u>МИСИЈА НА ОБСЕ ВО СКОПЈЕ</u>**

Планираните активности во рамките на соработката помеѓу Академијата и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во текот на 2017 година, се реализираа преку настани посветени на антидискриминациското законодавство и концептот на еднаквост и Законот за кривична постапка.

Во делот за заштита и спречување дискриминација беа организирани 2 настани на тема „Концептот на недискриминација“ на кои присуствуваа вкупно 20 судии, 4 стручни соработници и 11 адвокати.

Исто така беа организирани 2 правни дебати на Коментарот на Законот за спречување и заштита од дискриминација, од кои едната беше наменета за судиите, а другата за претставници на релевантни институции. Така, на овие 2 средби присуствуваа 22 судии, 1 судски соработник, адвокати, 1 претставник од Министерството за труд и социјална политика, претставници на Македонското здружение на млади правници, Хелсиншкиот комитет за човекови права, **Коалиција за сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници, Институтот за човекови права.**

Во текот на 2017 година Академијата во соработка и со финансиска поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје организираше три тркалезни маси посветени на Законот за кривична постапка на тема**:** ,,Улогата на судечкиот судија во доказната постапка’’.

Академијата за судии и јавни обвинители ,,Павел Шатев’’, во соработка и со финансиска поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, по завршувањето на напредните обуки за новиот ЗКП, во текот на 2016 година започна со создавање платформа за е-учење, со цел да се овозможи зачувување и пренесување на сите видеоснимани материјали од напредните обуки за Законот за кривична постапка. Имено, создавањето на платформата за е-учење има

за цел материјалот од досегашните обуки за новиот ЗКП да се направи електронски достапен за сите сегашни и идни практичари. Во текот на 2017 година материјалот од Академијата беше прикачен на е-платформата и со финализирање на нејзиниот дизајн е-платформата стигна во крајна фаза на развој. Материјалот е поставен на веб-страницата на Академијата за судии и јавни обвинители, првично со цел за информирање и самопроверување на знаењата, со потенцијал, во иднина, да се користи не само за кривичните туку и за обуките од сите други области.

- **ТВИНИНГ-ПРОЕКТ НА ЛАТВИЈА**

Во рамки на Твининг-проектот „Зајакнување на владеење на правото", чиј носител е Министерството за правда, во делот на Компонента 2 од Проектот – „Подобрување на знаењата и капацитетите на релевантните чинители на правосудниот сектор за правото на ЕУ и други меѓународни стандарди за правда, во поглед на поттикнување нивно транспонирање во националното законодавство", во текот на 2017 година беа организирани 2 обуки од областа Право на ЕУ на тема „Структурата и институционалната рамка на Судот на правдата на ЕУ, општ преглед на правото на ЕУ/Пребарување, анализа и примена на правото на ЕУ, судска пракса на Судот на правдата на ЕУ", на кои учествуваа вкупно 53 учесници – судии и судски соработници.

- **АМБАСАДА НА САД ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Во текот на 2017 година Академијата во соработка и со финансиска поддршка на Амбасадата на САД во Скопје, организираше регионален семинар на тема: **„ Правни аспекти на борбата против тероризмот"**. Семинарот го спроведоа експерти од институтот за одбрана и меѓународни правни студии од Wuport, Roud Ajlend (DILS) со учество на 40 претставници од различни институции кои работат на полето на борба против тероризмот и се директно вклучени во активности насочени кон борбата против тероризмот.

Исто така, во текот на 2017 година преку амбасадата на САД во РМ, а во соработка и со финансиска поддршка на Амбасадата на САД во Хрватска, Академијата организираше обука на обучувачи за развој на наставен план и методи за учење на возрасниж. Обуката беше можност да ги поттикне институциите и предавачите кои спроведуваат обуки поефикасно да развијат стратешки планови, подготовка на наставна програма и да користат методи за учење за поефикасно развивање на одржлива програма за обука.

Во текот на 2017 година Академијата во соработка со Канцеларијата на Министерството за правда на САД (ОПДАТ) и Амбасадата на САД во Република Македонија организираше работилница на тема **„Сајбер докази за антитерористички истраги и обвиненија"**, на која учествуваа практичари кои работат на прашања поврзани со тероризам, кои вклучуваат електронски докази, вклучувајќи и докази од сајтовите за социјални медиуми и електронски уреди за складирање (како компјутери и паметни телефони). Работилницата ја спроведоа кадри од Министерството за правда на САД и Федералното биро за истраги.

Исто така, во соработка со Канцеларијата на Министерството за правда на САД (ОПДАТ) и Амбасадата на САД во Република Македонија беше организирана и работилница

на тема: **,,Истражување и гонење на подготвителни дела за тероризам, терористички напади и финансирање на тероризам'',** наменета за практичари кои работат на случаи на тероризам од областа на судството, обвинителството, Управата за безбедност и контраразузнавање, Министерство за внатрешни работи и Управата за финансиско разузнавање.

Преку амбасадата на САД во Република Македонија а на покана од Одделот на морнарицата на САД за учество на курс на тема: Правните аспекти на борбата против корупцијата во Институтот за меѓународни правни студии , Њупорт, Роуд Ајланд, САД Академијата номинираше 2 јавни обвинители и 1 судија. Целта на курсот беше учесниците да се стекнат со знаења и вештини кои ќе ја подобрат нивната способност да ја подигнат свеста за јавната корупција, да истражуваат механизми за подобрување на националните напори за спречување, откривање, истрага и гонење на коруптивни практики, да ја разберат меѓународната правна рамка за борба против корупцијата.

Во текот на 2018 година, во соработка со Амбасадата на САД во Република Македонија, предвидено е да се одржат напредни обуки на теми поврзани со Законот за кривична постапка од 2010 година. За таа цел, од страна на предавачите на Академијата, а со поддршка на претставници од Амбасадата на САД изготвен е тренинг модул кој ги опфаќа следните теми:

- **Модул I:** Предистражна постапка и истрага
- **Модул II:** Спогодување за кривична санкција, обвинителен акт, директно и вкрстено испитување
- **Модул III:** Финансиски истраги и вештачења
- **Модул IV:** Комплексно управување со предмети
- **Модул V:** Односи со јавност

➢ **<u>iPROCEEDS – Регионален проект за изградба на капацитети за борба против криминал преку Интернет</u>**

Во текот на 2017 година Академијата продолжи со активности во рамки на регионалниот проект, во соработка со Европската Унија, за изградба на капацитети за борба против криминал преку Интернет – iPROCEEDS (cybercrime). Проектот започна на 1 јануари 2016 година, финансиран е преку повеќекорисничката ИПА II програма за 2014 г. и во него се вклучени: Република Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија, Турција и Косово. Проектот е во траење од 42 месеци. Целта на овој проект е да се зајакнат капацитетите на надлежните институции, во идентификувањето, истражувањето, намалувањето и конфискувањето на имотната корист, стекната по пат на компјутерски криминал како и превенција од перењето на пари на Интернет.

Од РМ беа именувани членови кои се сега дел од групата која ќе работи на процесот на имплементација на национално ниво, составена од претставници од Академијата за судии и јавни обвинители, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за финансии, од Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција и од Управата за финансиско разузнавање.

Во текот на 2017 година беа реализирани следните активности:

- Обука на обучувачи за почетен модул за компјутерски криминал, електронски докази и онлајн кривични дела која се одржа во период од 20-24 јуни 2017 година Будва, Република Црна Гора. На истата учествуваа 2 јавни обвинители и 2 судии од Република Македонија. Во текот на 2018 година е предвидено обучувачите од Република Македонија да спроведат воведен модул на обука за компјутерски криминал, електронски докази и онлајн приноси од криминал во Скопје.

- Во соработка со iPROCEED и Меѓународната асоцијација на обвинители, во период од 9-11 октомври 2017 година во Баку, Азербеџан беше одржана Регионална конференција за компјутерски криминал на која учествуваше 1 јавен обвинител од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

- Во период од 25-28 септември 2017 година во Скопје беше одржана ,,Cybercrime Coordination and Partnership Exercise’’, на која учествуваа 2 јавни обвинители од Република Македонија и претставници од други релевантни институции. Целта на вежбата за симулација на случаи беше да се демонстрира потребата за меѓуагенциска соработка и јавно-приватно партнерство во компјутерски криминал и финансиски истраги, со цел брзо да се добие пристап до потребните податоци, да се постигнат спогодби за размена на контакти и воедно да поттикне употреба на заеднички пристапи и методи во употребата на електронски докази и во компјутерскиот криминал и во финансиските истраги.

- Во период од 2-3 ноември 2017 година во Букурешт, Романија беше одржана Регионална работилница за прибирање и користење на електронски докази, на која учествуваа 1 судија и 1 јавен обвинител и претставници од други релевантни институции во Република Македонија.

Во рамките на овој проект предвидено е да се одржат уште активности во текот на 2018 година.

- **<u>УНДП</u>**

Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев во соработка со UNDP организира две еднодневни советувања советување на тема: „**Ефикасна имплементација на Истамбулската конвенција**“ наменети за судиите, јавните обвинители и стручните соработници од сите апелациони подрачја. На обуките присуствуваа 24 судии, 11 јавни обвинители и 4 стручни соработници (вкупно 39 учесници)

- **<u>РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА (РЕЦ)</u>**

Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев, во соработка и со финансиска поддршка на Регионалниот центар за животна средина (REC) во текот на 2017 година организираше работилница на тема: „ Пристап до правда“**.** Работилницата беше можност за судиите, јавните обвинители и другите правни експерти од Република Македонија подобро да го разберат „пристапот до правдата“, според барањата на Архуската конвенција, соодветните директиви на ЕУ и националното законодавство, како и: преку интерактивно

учество да се разменат искуства; да имаат можност да чујат како се спроведува пристапот до правдата во ЕУ и во други земји; да се адресираат главните потешкотии и недостатоци во спроведувањето на пристапот до правдата, како и да се претставаат решенија за отстранување или намалување на пречките за пристап до правдата.

Исто така, во соработка со РЕЦ и финансиска поддршка на Амбасадата на САД во Скопје беше организирана работилница на тема: „ Спроведување на судски случаи во областа на животната средина во САД “. Оваа работилница беше можност за судиите, јавните обвинители и другите правни експерти од Република Македонија подобро да ја разберат организационата структура на агенциите за заштита на животна средина во САД, како и системот на водење на случаи од оваа област.

- **<u>СОРАБОТКАТА СО ИЦИТАП</u>**

Во рамките на извештајниот период, Академијата, во соработка со „Програмата ИЦИТАП – Македонија“, при Одделот за правда на САД, организираше петдневна обука за истрага на лице место по експлозија, на која учествуваа јавни обвинители и претставници од МВР. Обуката беше фокусирана на лица кои ја поминале основата за собирање на докази и можат да спроведат рутинска истрага. Инструкциите на оваа обука обезбедија преглед на типични експлозивни направи и техники употребени во повеќе случаи и воедно претставуваше можност за учесниците да откријат фрагменти од вистински експлозивни направи. На обуката беа вклучени напредни концепти за собирање на докази, техники, изложеност на закани од често употребувани импровизирани направи и поврзаност со прекурсори.

На покана на меѓународната програма за обука и помош при вршење на кривични истраги (ИЦИТАП)- Македонија при Одделот за правда на САД во Србија преку Академијата беше номиниран 1 јавен обвинител за учество на тркалезната маса за транснационален криминал, која се одржа во Врњачка Бања, Србија.

Исто така, беше организирана и обука на тема: **Комјутерски криминал со виртуелни валути/пари,** која ќе се одржи во полициската академија во Загреб, Хрватска.

- **<u>ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЗАШТИТАТА НА СВЕДОЦИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ, ТЕРОРИЗМОТ И КОРУПЦИЈАТА (WINPRO III)</u>**

Во текот на 2017 година, Академијата, во рамки на ЕУ проектот "Соработка во кривично-правниот систем: Зајакнување на заштита на сведоците во борбата против организираниот криминал, тероризмот и корупцијата (WINPRO III ) ", номинираше 3 јавни обвинители за учество на обука за **“Децата во програмата за заштита на сведоци”**, која се одржа во Белград, Србија.

# IX МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

- **<u>СТУДИСКИ ПОСЕТИ</u>**

Продолжи и практиката на вклучување судии, јавни обвинители, кандидати за судии и јавни обвинители како и претставници на органите и стручната служба на Академијата, на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители на Република Македонија, во студиски посети, меѓународни обуки, размени, состаноци, работилници и конференции, во странство. Во доменот на меѓународната соработка, Академијата интензивно беше вклучена во организација на тренинг-активностите со поголем број проекти.

Во текот на 2017 година, Академијата реализира вкупно 20 студиски посети во странство, со учество на вкупно 34 судии и 17 јавни обвинители и 1 претставник од Академијата, од кои:

**Студиски посети во 2017 година**




Во текот на 2018 година Академијата за судии и јавни обвинители повторно ќе биде вклучена во активностите на Европската мрежа за правосудна обука (EJTH), со тоа што судиите и јавните обвинители ќе присуствуваат на настани организирани од EJTH во текот на наредната година. Исто така, предвидено е и присуство на двонеделни размени, како и краткорочни размени. Овие настани на EJTH опфаќаат обука од кривична, граѓанска, управна област, како обуки поврзани со меѓународно право и човекови права.

- **<u>МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА СО ФРАНЦУСКАТА АМБАСАДА</u>**

На почетокот од 2017-тата година, Академијата овозможи реализиција на тринеделен стаж на г-ѓа Емили Петреска, кандидат од ЕНМ -Националната школа за магистрати Бордо – Република Франција.

Во поглед на активностите кои се предвидени со Меморандумот за соработка помеѓу Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев и Амбасадата на Република Франција во Република Македонија, заради подобрување на институционалните капацитети на Академијата преку подобрување на тренинг методологијата и капацитетите на предавачите

и менторите, спроведување објективна евалуација на почетната и континуираната обука, зголемување на квалитетот на тренинг материјалите и подобрување на капацитетот на библиотеката на Академијата, во периодот **од 12 до 16 јуни 2017** година се реализираше експертска мисија од двајца експерти од Националната школа за магистрати на Република Франција.

Во рамките на својата посета француските експерти **г-ѓа Anne Marie Morice,** заменик претседател на Врховниот суд во Нантер и координатор на кривичниот оддел и **г-ѓа Isabelle Saliou**, инспектор за правда во Република Франција.

Акцентот беше ставен на размената на мислења и искуства во врска со промени на Законот за Академијата и имплементација на искуствата на Националната школа за магистрати во Република Франција

Експертите покрај предвидените состаноци и средби со директорот на Академијата за судии и јавни обвинители, г-ѓа Анета Арнаудовска, предавачите, менторите и кандидатите во почетна обука на Академијата, претседателите на комисиите за приемен и завршен испит, претставнциите на Програмскиот совет и Управниот одбор на Академијата и стручната служба во Академијата, остварија и работна посета и во Министерството за правда на Репиблика Македонија, Судскиот совет на Република Македонија, Советот на јавните обвинители на Република Македонија, Врховниот суд на Република Македонија, Адвокатската комора на Република Македонија, Делегацијата на ЕУ, Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, Здружението на млади правници, Советот на Европа и ОБСЕ.

## X КОМПЈУТЕРСКИ СИСТЕМ

Во рамките на повеќегодишниот проект на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во соработка со Академијата за судии и обвинители, беа спроведени низа базични и напредни обуки за правни практичари за имплементација на Законот за кривична постапка („Службен весник на РМ“, 150/2010,100/2012). Напредните обуки од 2013-тата год., беа видеоснимани, со цел да се овозможат нивно зачувување и понатамошно користење. Како резултат на видео, но и на пишаните материјали од напредните обуки, во 2015 година, како пилот-проект се изработи оваа тематска веб-страница. Платформата која во 2016 година се однесуваше на првиот дел од вкупниот материјал односно на Модул 1, во текот на 2017 година е надграден и проширен во една модерна платформа која го опфака севкупниот материјал.. Создадена е платформа за е-учење, со цел материјалот од обуката да се направи достапен во електронска форма за сите сегашни и идни генерации правни практичари. Во 2017-тата година, Академијата, следејќи ги новините во областа на информатичката технологија, ги обработуваше можностите за надградба и имплементација на дел од нив, со што би станал поефикасен сегашниот модул на далечинско учење.

## XI БИБЛИОТЕКА

Во тековната 2017 година за сите заинтересирани корисници беше достапен целокупниот библиотечен фонд со кој располага Академијата, под истите услови како и до сега.

# XII БУЏЕТ И ЈАВНИ НАБАВКИ

- **БУЏЕТ**

За 2017 година, на Академијата ѝ беше одобрен буџет во висина од 41.125.000,00 денари.

Од почетокот на 2017 година, заклучно со 31 декември 2017 година, Академијата има реализирано 38.619.918,00 денари од својот буџет.

| **2017 година** | **Одобрен буџет 41.125.000,00** |
|---|---|
| 401 Основни плати | 20.120.000,00 |
| 402 Придонеси | 7.443.000,00 |
| 420 Патни и дневни расходи | 300.000,00 |
| 421 Комунални услуги | 2.362.000,00 |
| 423 Материјали и ситен инвентар | 800.000,00 |
| 424 Поправки и одржување | 850.000,00 |
| 425 Договорни услуги | 8.250.00,00 |
| 426 Други тековни расходи | 1.000.000,00 |

# Буџет на Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев по години




## ➢ <u>ЈАВНИ НАБАВКИ</u>

Во текот на 2017 година, Академијата реализираше вкупно 16 постапки за јавни набавки, сите спроведени преку Постапка со барање за прибирање понуди, а во согласност со донесениот План за јавни набавки за 2017 година.

Согласно Планот, беа спроведени следните постапки за јавни набавки:

1. Услуги за патен транспорт на луѓе;
2. Услуги за систематски прегледи на вработени;
3. Услуги за сертификација на системот за управување со квалитет согласно барањата на меѓународниот стандард ISO 9001;
4. Кетеринг услуги;
5. Услуги за одржување на хигиена и техничко одржување во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев;
6. Канцелариски материјали;
7. Хигиенски средства;
8. Услуги за писмен превод;
9. Услуги за усмен превод;
10. Чилер со номинален ладилен капацитет од минимум 32 kw;
11. Услуги за копирање на материјали;
12. Прехрамбени продукти и пијалоци;
13. Услуги за воздушен транспорт на луѓе;
14. Услуги за хотелско сместување;
15. Услуги за одржување на системот за греење и ладење;
16. Издавачки и печатарски услуги.

# XIII СТАТИСТИКИ

Софтверскиот систем за управување со процеси, кој Академијата го имплементира во текот на 2011-тата година, претставува основна база на податоци за судиите и за јавните обвинители, која Академијата ја користи во својата работа. Редовното ажурирање на податоците во базата е од исклучително значење за функционирањето на Академијата, особено во делот на предвидување и планирање на потребниот број обуки, по области, со цел на сите целни групи да им се овозможи да го исполнат задолжителниот број денови обука за тековната година.

Во поглед на статусот на судиите и сите промени поврзани со нивната позиција, податоците се добиваат од електронскиот систем на податоци на Судскиот совет на РМ, со кој е поврзана базата на Академијата.

Во поглед на статусот на јавните обвинители, од Советот на јавните обвинители на РМ се добиени податоци за јавните обвинители и тие се внесени во базата на Академијата.

**Исполнување на задолжителната континуирана обука во 2017**
**Вкупно судии и јавни обвинители**




**Исполнување на задолжителната континуирана обука во 2017 година**
**Вкупно судии**



**Исполнување на задолжителната континуирана обука во 2017година Вкупно јавни обвинители**




## XIV ЕВАЛУАЦИЈА

Во текот на 2017 година, за потребите на континуираната обука, Академијата изработи нов прашалник, со кој пошироко се оценуваат: содржината и целта на обуката, предавачите, материјалите за обуката, успешноста на програмата, а оставен е дел и за предлози и коментари.

Изработката на прашалникот следуваше како краен резултат на проектот за развој на нова методологија за оцена на обуките. Овој проект Академијата го започна во текот на 2015 година, во соработка со ИПА Проектот 2010 „Понатамошна поддршка за независно, одговорно, стручно и ефикасно судство и унапредување на пробациската служба и алтернативните мерки". За спроведување на оваа методологија беше ангажиран d-r Rainer Hornung, заменик јавен обвинител во Јавно обвинителство Лорах, Германија и поранешен директор на Германската академија за судии и јавни обвинители.

Проектот започна со 3 дневна работна посета на d-r Hornung на Република Македонија, а во текот на следната, 2016 година следуваа уште 2 работни посети. За време на овие посети тој оствари работни средби со претставници на Министерство за правда, Судски совет на РМ, Совет на јавните овбинители на РМ, членови на Управниот одбор, на Програмски совет, предавачи, ментори, судии кои посетувале почетна обука во Академијата, како и со директорката и стручната служба на Академијата, а со цел добивање информации за реализацијата на настаните од страна на Академијата.

На крај беше изработен Извештај со препораки за развивање механизми за квалитативна оцена на обуките. Една од нив беше изработување сеопфатен прашалник, кој и натаму останува дел од работниот материјал за секоја обука.

Следува приказ за задоволство кај учесниците на обуките

Оцени од прашалници за судии и јавни обвинители













Оцени од прашалници за стручна служба












## XV ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Редовно, јавно и транспарентно информирање за своите активности, Академијата обезбедува преку својата интернет-страница www.jpacademy.gov.mk, на огласната табла, но и со објавувањето на усвоените акти во „Службен весник на Република Македонија".

Со цел за навремено информирање за сите позначајни активности, Академијата, на својата веб-страница, во текот на 2017 година, објави повеќе од 270 постови (текстови и врски односно линкови),

За високиот углед на Академијата надвор од границите на државата, говори и интересот што го покажуваат значајни тела на Советот на Европа и ЕУ, преку објавување написи, врски (линкови) и сл., за реализираните активности на Академијата.



Академијата за судии и јавни обвинители обезбедува редовно јавно и транспарентно информирање за своите активности преку интернет-страницата www.jpacademy.gov.mk, на огласната табла и со објавувањето на усвоените акти, во „Службен весник на Република Македонија“. Најголем дел од информациите за работењето на Академијата се објавени на интернет-страницата на Академијата како: актите, организациската структура и организацискиот состав, програмите за обука, календарите на обуки, додека, пак, за позначајните настани што ги организира, таа доставува прес-извештаи до медиумите во Република Македонија, објавува интервјуа и слично.

Академија за судии и јавни обвинители
„Павел Шатев“
Заменик претседател на Управен одбор,
Јелица Крстевска